# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 12** **Четврток, 13 Ноември 2025** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А

*1. Решение за избор на претседател и членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања..*
*2. Заклучок за усвојување на извештај на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.................*
*3. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Демир Капија..........................................*
*4. Решение за избор на претседател на Советот на општина Демир Капија.........................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на претседател и членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

Се објавува Решение за избор на претседател и членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.11.2025 година.

Број 09–814/1 Градоначалник на
13.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 38 став 1 алинеја 1 и член 39 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005) и член 4 од Деловникот на Советот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на првата конститутивна седница одржана на ден 12.11.2025 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

**1.** Со ова решение се избира претседател и членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

**2.** За претседател на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се избира:

- **Јован Чапов**

**3.** За членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се избираат:

- **Душан Трајков**
- **Мирјана Јаневски**
- **Соња Петровски**
- **Димитар Симитчиев**

**4.** Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања поднесува извештај на советот со предлог на кои членови на советот треба да му се верификуваат мандатите, а на кои треба да се одложи верификацијата на мандатите.

**5.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 802/2 Претседавач на Совет на
12.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Димитар Симитчиев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на извештај на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

Се објавува Заклучок за усвојување на извештај на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.11.2025 година.

Број 09–814/2 Градоначалник на
13.11.2025 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 6 став 2 од Деловникот на Советот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на првата конститутивна седница одржана на ден 12.11.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на извештај на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

**1.** СЕ УСВОЈУВА извештајот поднесен од Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања до Советот на општина Демир Капија за верификација на

мандатите на членовите на Совет на општина Демир Капија избрани на локални избори 2025 година одржани на ден 19.10.2025 година.

**2.** Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 802/3 | Претседавач на Совет на |
| 12.11.2025 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Димитар Симитчиев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 12.11.2025 година.

| | |
|---|---|
| Број 09–814/3 | Градоначалник на |
| 13.11.2025 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Наталија Димитриева с.р. |

---

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 5 став 2 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005) и член 3 и 6 од Деловникот на Советот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/2005), Советот на општина Демир Капија на првата конститутивна седница одржана на ден 12.11.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Демир Капија избрани на локални избори 2025, одржани на 19.10.2025 година.

**Член 2**

Согласно извештајот на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се верифицираат мандатите на членовите на Совет на општина Демир Капија и тоа:

1. **МИРЈАНА ЈАНЕВСКИ** од Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" –ВМРО ДПМНЕ;
2. **ИВАНА ЛАЗОВА** од "Коалиција за Локални избори 2025 година" – СДСМ;
3. **ДУШАН ТРАЈКОВ** од Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" –ВМРО ДПМНЕ;
4. **ДИМИТАР СИМИТЧИЕВ** од "Коалиција за Локални избори 2025 година" – СДСМ;
5. **ЈОВАН ЧАПОВ** од Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" –ВМРО ДПМНЕ;
6. **ЈУЛИЈА ИВАНОВА** од "Коалиција за Локални избори 2025 година" – СДСМ;
7. **ШАБАН УСИНОВ** од Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" –ВМРО ДПМНЕ;
8. **ВЛАДКО АНДОНОВ** од Коалиција "ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" –ВМРО ДПМНЕ;
9. **СОЊА ПЕТРОВСКИ** од "Коалиција за Локални избори 2025 година" – СДСМ;

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 802/4 | Претседавач на Совет на |
| 12.11.2025 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Димитар Симитчиев с.р. |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на претседател на Советот на општина Демир Капија**

Се објавува Решение за избор на претседател на Советот на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 12.11.2025 година.

| | |
|---|---|
| Број 09–814/4 | Градоначалник на |
| 13.11.2025 година | Општина Демир Капија, |
| Демир Капија | Наталија Димитриева с.р. |

---

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на

РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 11 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.8/2005), Советот на општина Демир Капија на првата конститутивна седница одржана на ден 12.11.2025 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател на**
**Советот на општина Демир Капија**

**1.** Со ова решение се врши избор на претседател на Совет на општина Демир Капија.

**2.** За претседател на Советот на општина Демир Капија, се избира:
**Мирјана Јаневски**

**3.** Мандатот на претседателот на Советот на општина Демир Капија трае 4 (четири) години.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 802/5
12.11.2025 година
Демир Капија

Претседавач на Совет на
Општина Демир Капија,
Димитар Симитчиев с.р.